**Политика на приватност на учесници во наградни игри**

Информациите за обработката на личните податоци на учесниците во наградни игри организирани од страна на ХАЛКБАНК транспарентно се објавуваат во Правилата за наградна игра, при што ХАЛКБАНК води збирка со лични податоци од, односно во врска со наградни игри и игри на среќа (евиденција на учесници, евиденција на добитници на награди), која што се води согласно прописите за игрите на среќа и забавните игри и прописите за даночна постапка.

Рокот на чување на овие лични податоци е согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри и Законот за даночна постапка.

Личните податоци кои согласно закон ги обработува и води ХАЛКБАНК, може да ги открие на следните категории на корисници:

- Органи на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, во рамките на нивните овластувања и под услови утврдени во согласност со закон;
- Јавни служби согласно закон;
- Физички и правни лица кои за конкретен случај имаат статус на корисник согласно Законот за заштита на личните податоци, кој е овластен да ги обработува тие лични податоци, следејќи ги и приемнувајќи ги притоа правилата за заштита на личните податоци и прописите во однос на банкарската тајна (извршители, адвокати, нотари, УЈП...).

За сите случаи кога ХАЛКБАНК дава лични податоци на користење, води посебна евиденција, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Учесниците во наградните игри своите права како субјекти на личните податоци согласно одредбите за заштита на личните податоци, можат да ги остварат на начинот опишан во делот ,,**Кои се Вашите права?“ од Политиката за приватност.**